вторник
25 април
2022
Година 2
Број 2

# ПАРИТЕ СЕ ОТЕПУВАЧКА!

издава: Темплум
текстови и дизајн: КАПКА
Креативен активизам преку пародија, критика и алегорија



# 31 ГОДИНА ПО ОТПОЧНУВАЊЕТО НА ТРАНЗИЦИЈАТА

## А ТАА СЕУШТЕ НЕ „ТРАНЗИТИРАЛА“ НИКАДЕ!

**Апсолутизмот, некогаш нарекуван транзиција (кога уште верувавме дека тоа „нешто“ ќе помине), сеуште владее со сите сфери на нашето живеење, пред сѐ со економската. Материјалните нееднаквости од година во година се продлабочуваат, а сиромаштијата расте. Не ни помогна ни ММФ, ни Светската и Вселенската банка, ни влоговите од претпријатијата од паралелните вселени итн. Ни остана само конечно да се обидеме да си помогнеме меѓусебно, па да видиме што ќе излезе!**

# ТРАМП, силата на парите

## Античка грчко-шпанска серија во четири чина и 114 епизоди!

## ВОВЕД во весникот



**Слушај и пренеси: се појави ново издание на КАПКА!**

Весников е логично продолжение на "Вести во земјата на чудата" издаден во декември 2005. Организацијата која стои позади двата весника не е невладина, ниту владина, не е спонзорирана од никој, ниту планира да биде, таа е целосно независна.

Темата ПАРИ беше некој вид работна задача која си ја зададовме заедно со уметничката група АУ! и со која се претставивме во Точка (април, 2006). КАПКА обработува широк опсег на теми поврзани со основната тематика, како: митото и корупцијата, музиката, телевизијата (рекламите, реалните шоуа, вестите...), спортот, мобилизацијата:) и други теми.

Следниот проект на КАПКА ќе се занимава со темата ИЗБОРИ, па ако сакате да нè прашате нешто или ако сакате да ни се приклучите, пишете ни на: organizacija.kapka@gmail.com

*И, не заборавајте, капка по капка...*

## ЗЕВС, крал на боговите, бог на кралевите!

**"Повеќето од своето време Зевс го поминувал во облаците, на врвот од една висока планина, наречена Олимп. Оттаму Зевс можел да види сè што се случувало на земјата. Тој многу сакал да се шета по облаците и да фрла молњи налево и надесно, по дрвјата и по карпите. Тој бог бил толку силен што кога ја занишувал својата глава земјата се тресела, планините трепереле, небото потемнувало, а сонцето веднаш се кри-ело..."**

**Но, да тргнеме од почеток. Си бил еднаш еден Трамп...**

**Ликови:**

**Трамп**, милијардер
**Хера**, жена на Трамп
**Бил Раншиќ**, млад бизнисмен
**Квами**, пријател на Бил
**Џорџ и Каролина**, Слугите на Трамп
Атина, жена на Бил
Ана, ќерка на Бил
Офицерот
Гласот

**Шпица:**

Скопје. Кале. Авионот на Трамп слетува на приватната писта на Тврдината на Трамп. Трамп истрчува од авионот и влетува во својот хеликоптер. Огромни букви **„ТРАМП“** ни пролетуваат пред очите. Сето тоа се случува толку бргу што не успеваме да ги фатиме рекламите на големите корпорации и фирми кои се наоѓаат во кадарот на камерата по 1/24 од секунда секој посебно: чантата на Трамп, етикетата на неговото сако, рекламите на зградите, компјутерите, телевизорите, ладилниците, машините за перење алишта, машините за перење садови, машините за сушење алишта, црна техника, бела техника, шарена техника, калеидоскопска игра во прозорците од околните зраци, дигитално вметнати во 1/24, 2/24, 3/24... секунди од кадрите... еден, два, три... сублимининални пораки. Сè е молскавично брзо, грчевитата насмевка на Трамп која вели "Јас сум господар на светот, но тоа е голема одговорност... секој момент од времето е пари, не троши го залудно..." и повторно Трамп логото на авионот, хеликоптерот, тврдината ... во хоризонтот се гледа залез на сонцето и американското знаме што се вее на тврдината. Сликата застанува. Се појавува логото: ТРАМП, силата на парите!



Хиерархијата на Олимписките владетели, на чело со Трамп.

**TRUMP the force of money!**

## 1 чин

епизода101: Сонот на Трамп

*Врвот на тврдината на Трамп. Темница. Наеднаш се слуша вресок.*

**ТРАМП:** Хераааа!

*Хера влетува во спалната соба на мажот ѝ..*

**ХЕРА:** Што се случи, мажу, што сони, та те исплаши!?

**ТРАМП** (задишано): Визија имав, жено! Чаша вода донеси ми и до мене седни. Ќе ти раскажам сè.

*Хера излегува и се враќа со чаша вода. Камерата се зумира на една капка вода која полека се спушта по работ на чашата и завршува на златниот послужавник, а потоа се оддалечува и ни дозволува да ја видиме веќе осветлената просторија. Прво што ни паѓа во очи е златото. Насекаде! По нозете од големиот кревет, мебелот, вратите, апаратите... Трамп се напива вода.*



Хера, жената на Трамп

## ЕПП

### ВОДА ТРАМП!

Освежува, окрепува, мислите ви ги зајакнува, кон профит ги насочува!

Вода Трамп, најбогатата вода со активни минерали во светот. Активните минерали загарантирано го зголемуваат мозочниот капацитет и осет за бизнис. Ако употребувате само 25 литри од оваа течност дневно, загарантирано станувате бизнисмен од прва класа: брз, решителен, безмилосен!

ВОДА ТРАМП
Единствена, нема како неа!

**ТРАМП** (задоволно воздивнува и продолжува): Сонував дека богатството сум го изгубил и тебе со него заедно, имотот и сè што поседувам в миг исчезна и меѓу луѓето смртни се најдов! Без моќите мили, со нозете боси, гладен, валкан и жеден. Избезумен!

*Трамп повторно се вознемирува и жена му го прегрнува. Тој за момент се свива во фетална положба, но потоа, како да му текнува нешто се исправа и продолжува со приказната.*

**ТРАМП:** Но, фала му на Бога, мојот живот смртен, беше миговен. Гладта смртничка ме натера да грабам и крадам, да удирам и бегам, и така еднаш бегајќи во слепа уличка се најдов. Се свртев назад да се вратам, но пред мене група луѓе стоеше. Шеснаесет беа, но не ме плашеа, како мојот ум да ги познаваше, но од каде не знаеше. Ме гледаа и молчеа. И без зборови сè ми кажаа, а потоа нагоре се вивнав и над мене тврдината моја мила ја видов и, еве ме, сега буден.

**ХЕРА:** Колку чуден сон! Што значи, знаеш ли?

**ТРАМП:** Да! Но, утре за тоа. Сега ќе спијам, а ти со Џорџ и Каролина закажи состанок рано изутрина.

## 2 чин

Епизода102: Џорџ и Каролина

*Трамп влегува во салата за состаноци, каде што го чекаат Џорџ и Каролина. Тие стануваат, тој кимнува, ја собира одората со едната рака и седнува на престолот.*

**ТРАМП:** Џорџ, Каролина... мојата рака, десна и лева! Како што знаете, кралството наше пред колапс се наоѓа. Луѓето одоздола да размислуваат почнуваат и тоа, замислете, со својата глава!

*Џорџ и Каролина потврдно молчат.*

**ТРАМП:** Има и такви кои велат дека парите, на сите нас мили, не им се битни и дека духовните задоволства им се доволни! Тоа е нечуено, раце мои мили! Како ќе изградевме ние империја толкава, така сите луѓе да мислеа, ве прашувам?! Ви велам, нешто мора да се направи, оваа појава да се спречи, и тоа веднаш! Имам план, затоа слушајте.

*Џорџ и Каролина се доближуваат и заземаат став на најголемо можно внимание.*



Џорџ и Каролина, слугите на Трамп, од младите денови со сликата на Трамп (десно) и татко му (лево), од кого Трамп ја наследува империјата и ,,сенсот'' за бизнис, но и склоноста кон таткоубиството, зашто како што дедо му на Трамп настрадал од раката на татко му, така и татко му настрадал од неговата, но да не откриваме сè!

## ЕПП

Го прекинуваме овој извондредно напнат момент од нашата мини драмичка со мини-рекламичка за уште еден извонреден бренд на Трамп, патентиран од неговите помошници, Џорџ и Каролина

**Пелени "ЏОРЏ И КАРОЛИНА"**

Пелените "Џорџ и Каролина" имаат одлична впивачка моќ, за миризливите гомненца на вашето бебенце. Не го надразнуваат газето, не прават осип по нежната детска кожичка! Траат повеќе и впиваат посилно од кои било други пелени на пазарот. Докажано!

Направивме експеримент. Го оставивме Г-дин Трамп да кака 24 часа во пелените Џорџ и Каролина и резултатите беа извонредни! Никакво протекување, никаква иритација, никаква реакција воопшто! Не-ве-ро-јат-но!

*Џорџ и Каролина, Џорџ и Каролина, таму кајшто Трамп ќе зака(ш)ка, тие бришат, таму кајшто ќе се искака, тие впиваат!*
*Џорџ и Каролина, Џорџ и Каролина, на Трамп пелена!*

**епизода103: Планот на Трамп**

ТРАМП (продолжува): 16 луѓе од долу ќе собереме. Секој од нив, претставник на по една профитабилна област ил' професија ќе биде. Ќе направиме драма во живо, со луѓе живи, меѓусебно спротивставени, за тајните пораки, за нас корисни, да ги рашириме и во главите на луѓето да ги вметнеме! Така нашата империја од пепелта ќе се издигне и со светот повторно ќе владееме! Како и многу пати до сега, нашата порака преку телевизија ќе се пренесува. За деталите понатаму, а сега: во акција! 16 јунаци да избереме, светот да го покориме!

**епизода104: Бил и семејството**

*Сликата се придвижува и со голема брзина нè носи во светот на луѓето и во домот на Бил Ваншиќ, успешен 30 годишен банкар, милионер. Бил појадува со семејството, жената Атина, средношколска љубов и ќеркичката Ана, 7 годишна галеничка на тато.*

Бил: ... и јас му велам: "Ако уште една крофна изедеш, цајкан ќе станеш!" Ха-ха!...
*Сите се смеат, па дури и малата Ана која не ги разбира баш секогаш шегите на тато, но ги сака, се разбира, зашто го сака него.*
Атина: Бил, знам колку да седиш сакаш и шеги да ни кажуваш, но, душо, 15 до 8 е, на работа ќе задоцниш.

*Бил малку се намуртува (па, зарем задоцнил некогаш на работа), но не го покажува тоа (тој е многу грижлив кон другите, знаете). Ја бакнува Лилит, а потоа и Хана и за миг веќе се наоѓа во бескрајната река на градскиот метеж.*

**епизода105: Киднапирањето**

*Бил сеуште се освестува од ударот по главата, кога го забележува неговиот колега Квами како стои над него обидувајќи се да се насмевне.*

КВАМИ: Добар ли си, пријателе мил?
БИЛ(свртувајќи се наоколу): Квами, од која димензија паралелна излезе ти? Каде сме, добога, јас и ти?
КВАМИ: Не знам, пријателе.
*Наоколу има стотици, можеби илјадници луѓе со збунети и исплашени лица.*
*И пред да сфатат каде се, до нив допира глас.*

ГЛАСОТ: Добредојдовте кандидати! Врховниот и семоќен г-дин Трамп ве поздравува, повикува и наредува во играва наша заедничка да учествувате! Вие сте во тврдината на Трамп, тука неколку дена ќе поминете и тестирани ќе бидете. Најдобрите дел од финалната игра ќе бидат! Прашања не се дозволени, а секој што ќе се бунтува ил' обиде да избега, страшна казна го чека!



Бил Ваншиќ, повеќе пати одликуван со наградата
*Млад бизнисмен на годината*

**Наскоро!**
## ШОУТО НА ТРАМП

Добредојдовте во *Шоуто на Трамп.* Најреалното шоу на денешнината каде што 16 кандидати ќе се сретнат во досега невиден тест на издржливост, храброст, снаодливост и нехуманост! Тие ќе се натпреваруваат, караат и секакви злоби меѓу себе ќе си прават, само за ваше задоволство и исполнување на вашето време кое инаку можете да го минете со семејството, пријателите, со книга или во прошетка! Само за вас, 16 луѓе ќе се понижуваат, навредуваат и ќе го прават тоа што вие го правите или би сакале да го правите во вашата реалност, на ТВ, во ова реално шоу! И не заборавајте! Во текот на шоуто тие ќе носат, ќе користат, ќе гледаат, ќе вечераат, ќе посетуваат, ќе купуваат производи, брендови, фирми... кои и вие треба да ги гледате, купувате, посетувате, користите... секако, ако сакате да бидете успешни како нив, ако сакате да станете дел од таа елита, а ние знаеме дека сакате! Сакате, нели!!? Сакате!

**епизода106: Бекството** *Гласот замолкнува и меѓу луѓето се јавува тивок шепот.*

**БИЛ** (на Квами): "Јас бегам од тука! Со мене си, ил' не си?"
**КВАМИ**: Сум!

*Ноќ. Сирени и лавеж на кучиња. Бил и Квами избезумено трчаат низ густа шума. Пукотници наоколу. Мрак.*

## 3 чин

**епизода107: Бил не бил Бил**

*Бил се буди и погледнува наоколу. Сè е толку светло што отпрвин не гледа ништо. Видот полека му се враќа и почнува да распознава ликови. Го гледа милијардерот Трамп и се штрекнува. Сака да стане, но го пресекува остра болка во десната нога.*

**ТРАМП**: Полека Бил, погоден си бил.
**БИЛ**: Од каде името мое го знаете?
**ТРАМП**: И до тоа ќе дојдеме.
**БИЛ**: Квами! Каде е Квами, мојот пријател мил!?
**ТРАМП**: Тоа сега најмалку да те загрижува треба.
*Влегува Хера со кафе.*
**ХЕРА**: Без шеќер едно и едно благо со млеко.
*Го послужува кафето и за миг застанува, како да се двоуми. Трамп ја погледнува и (Бил би можел да се заколне!) му светнува искра од окото. Хера излегува.*

**ТРАМП**: Зошто избега?
**БИЛ**: Какво прашање нечесно! Ме грабнавте и од семејството ме одделивте, да правам нешто што не сакам ми наметнавте и сè тоа без прашање! Па, јас сум човек! Гордост имам!
**ТРАМП**: Не си се сменил, си останал ист. Но, во право не си. Ти човек не си!
*Бил прво се насмевнува на таквата апсурдна изјава, а потоа гледајќи го смртно сериозниот лик на Трамп, се воозбилува.*
**БИЛ**: Како мислите, зошто ме збунувате?
**ТРАМП**: Како прво, да ми се обраќаш со "вие" нема потреба, не сме странци, братучеди сме ние!
**БИЛ**: Како мислите, зошто, како?..

**ТРАМП**: Слушај внимателно! Пред години наши многу, или милениуми човечки, татко ти и татко ми со светов владееја сложно. Тогаш луѓе уште не постоеја, ниту за себе знаеја. Колку и да беа праведни, татко ми, Хронос и татко ти, Јапет, измамени беа и подло убиени! Јас татко ми го наследив, зашто ти интерес не покажуваше за политика и владеење, туку со големи идеи се занимаваше. Ти, луѓето ги создаде, од прав земен и вода небесна, според својот лик ги обликува и душа им вдахна, а потоа огнот им го подари, умот и патот да им го осветли. Потоа исчезна и никој за тебе ништо не знаеше, сè до неодамна кога случајно за тебе дознав и натпреваров го организирав, под изговор за спас на кралството, а всушност за тебе да те доведам, братучеду мил! Јас други роднини немам, брате! Сакам заедно со светов да владееме, правично да управуваме, рај на земјата да создадеме за твоите деца несреќни, напуштени од татка си!

**ЗЕВС &co. ви претставува**

**РАЈ НА ЗЕМЈАТА, епизода 1**

Драги читатели, слушатели, гледачи. Денес е посебен ден! Денес е ден кога сите треба да застанеме и да погледнеме длабоко во себеси. Денес треба да се запрашаме! Зошто постоиме!? Зошто правиме што било!? Зошто дишеме, мислиме, работиме, создаваме?.. О, зошто сме дел од оваа бескрајна вселена и оваа голема и горда нација!?

Гледајте ја нашата емисија, "Рај на земјата" и ќе дознаете зошто!

Секоја недела на вашите ТВ-а, уште една прекрасна серија за животот на убавите и богатите. Упатства како да станете дел од нив, како да живеете и да мислите како нив. Ќе да го дознаете одговорот на ова и многу други прашања од животот и смртта, по најниска цена, за најможно кратко време. Гарантирано. Ако не биде така, ви го враќаме одземеното време, за најкратко можно време!

**Апсолутно рајски!**




**епизода108: Трансформацијата на Бил (1 дел)**

*Бил е шокиран, не знае што да каже, мислите му се збркани, чувствата уште повеќе, но нешто во него почнува да се буди... мачни, темни илјадагодишни соништа, сеќавања... и паѓа во несвест.*

епизода109: Трансформацијата на Бил (2 дел)

ХЕРА: Прометеј! Разбуди се. Прометеј!

*Бил се буди и ја гледа Хера до него. Телото му гори и душата како да му се распаѓа, но свеста му е променета, се е некако кристално, блеска со божествен сјај.*

БИЛ: Како ме нарече, жено?.. Што ми се случува, сè ми се заматува, па блеска, се врти и вреска, ме тресе волшебна треска!?..

ХЕРА: Те нареков Прометеј, зашто твоето вистинско име е тоа. Се менуваш, о возвишен! Повторно, по реинкарнации и смртни животи стотици, бесмртен повторно стануваш!

БИЛ: Но, мојата жена, мојата ќеркичка мила, тие, тие каде се, им требам, ме викаат, слушам!

ХЕРА: Заборави ги нив! Целиот човечки род твое дете е, твоја жена, твое тело!

БИЛ: Но, не! Не можам. Лилит!

Прометеј вреснува, но не му потекуваат солзи. Наместо тоа, пред него се појавуваат бескрајно многу лица кои му зборуваат, тој ги слуша, чувствува, знае за нив... и тогаш разбира.

ХЕРА: Да, да... сети се, чувствувај, знај!

БИЛ: Трамп рече... тука беше, каде е, тој рече...

ХЕРА: Трамп!? Мислиш Зевс, Прометеју вечен.

*Умот на Прометеј тоа име го пробива како тап нож, клун на мршојадец.*

БИЛ: Но... Зевс!

ХЕРА: Да, Зевс. Тој пакт ти понуди, но пред да се согласиш, мораш вистината да ја чуеш. Пред многу илјадници години татко му на Зевс, Хронос и татко ти Јапет со светот владееја. Тие Титани беа, но во борба не загинаа, како што Зевс ти рече, туку од раката негова, издајничка! И таа рака таткоубиствена и тоа тело, нивното место го заземаа и тој владар на светот стана. Ти беше млад и во заткулисните игри на владетелите незаинтересиран, па никогаш не дозна што се случи. Тебе слободата те интересираше повеќе отколку моќта. Затоа и ги создаде луѓето, од глина, според ликот свој и душа им даде.

*Прометеј се присетува на тој радосен миг и се насмевнува. Првите луѓе! Неговите деца. Неговите мили, наивни и чисти деца!*


## МИЛИ И ЧИСТИ ДЕЦА

Најповолно во градот!

Продаваме мили и чисти деца по најповолни цени во градот и пошироко. Загарантирано умни и убави, без вошки и болести, послушни и мирни (накљукани со најновите антидепресанти и апчиња против ADD), одгледани на реклами и безвредни филмови со минимум 150 експлозии, убиства и срцепарателни сцени (кои завршуваат со "Ај лав ју!"). Со предзнаење во ИТ и бизнис, мито и корупција, гени со претприемачки потенцијали. Најбрза достава во градот. Не пропуштајте!

Ако нарачате веднаш: Подарок особина на детето! Деца одгледани на политички слогани! Политички свесни и совесни деца! Не пропуштајте. Особено погодни за агитирање на следните политички избори.




епизода110: Трансформацијата на Бил (3 дел)

ХЕРА (продолжува): Но, празни беа тие луѓе, без содржина и затоа им го подари огнот ти, кој сознание ќе им овозможи. Зевс, подлиот Зевс, мојот драг маж измамник и неверник, на тебе беше бесен, зашто сознание им даде на неговите слуги покорни, кучиња верни и на една планина те окова и на страшна судба осуди!

ПРОМЕТЕЈ: Кавказ!

*Пред очите на Прометеј му се јавуваат слики на огромна карпа, мршојадец кој секој ден му го јаде џигерот, кој повторно и повторно расте, раните, пеколното сонце, болката...*

ХЕРА: Да! По илјадници години страшна мака, спасот конечно дојде, но по цена на бесмртноста... и од тогаш смртен живот живееш, од еден во друг човек реинкарнирајќи се, сè до денес... Денес, повторно бесмртен, о Голем!.. и тоа на Зевс благодарејќи му. Но, не од доблест, внимавај! Империјата на Зевс пред крај се наоѓа. Луѓето се толку долго лажени, мамени и грабани, од Зевс и божествата други убедувани дека нивниот свет е најдобар можен и дека ним треба своите молитви, материјални добра и мисли да ги жртвуваат. Но, луѓето да се освестуваат почнаа, лаги не сакаат веќе, вистината им е помила и за неа да умрат се волни! Бунт голем против Зевс и компанија се ближи. И затоа си тука ти. Бунтот да го задушиш и луѓето повторно да ги потчиниш, зашто ти си нивен единствен пријател меѓу алчните и себични божества, еден доблесен. Затоа бегај, драг Прометеју, бегај оттука, пред Зевс да те искористи, спаси го родот свој, видот човечки!

ПРОМЕТЕЈ: Не! Ќе го убијам Зевс, тој створ зол!

ХЕРА: Не, твојата мисија не е таа, туку луѓето да ги спасиш. А, Зевс мора да постои, зашто тој злото го претставува и рамнотежа внесува, тој мора да постои, инаку светот не може да опстои. Затоа, облечи се и низ онаа врата излези, тоа е излез таен. Оди, светот спаси го!

*Прометеј излетува како молња и Хера останува сама, со насолзени очи, тивко мрморејќи нешто.*

ХЕРА: Оди... спаси ги... оди... си... сине...

**Големата трка за спас на човечкиот род започна! Бил е на прво место**



По масовниот успех на Ризик, најновата сензација доаѓа

## Светот на луѓето!

Веќе знаете сѐ за освојувањето на светот. Уживавте во улога на генерали и војници кои освојуваат една по друга земја од светските континенти! Наполеон, Хитлер, Буш не се веќе толку далечни идоли за вас, зашто и вие знаете како е да си играш игра со фигурчиња на луѓе и го почувствувавте горкиот пораз и среќата на победата, кога вашите противници паѓаа во очај длабоко во ноќта и ги колнеа потрошените пари на пијалок и грицки. Сега ви нудиме нешто сосема ново.

Ви нудиме можност да бидете реални луѓе во реални ситуации на една сосема нереална плоча со нереални фигурчиња кои ќе ве претставуваат реалните вас во нереални ситуации кои имитираат реални односи меѓу нереалните фигури. Колку едноставен, но успешен концепт. Зошто да живееш реално, кога можеш да играш реалност!

Играј нереалност! Реално!



Само уште една вообичаена работна вечер на Трамп, помината во планирање на утрешните зделки, сплетки и активности поврзани со владеењето со светот.

## 4 чин

### епизода111: Прометеј решава да ги спаси луѓето

*Светот на луѓето. Ноќ. Тишина. Прометеј, сам, погледнува кон небото.*

**ПРОМЕТЕЈ**: Зошто ме остави Оче! Зошто не ми објасни!? Зошто ме обдари со доблест, но не и со грижа, зошто ме обдари со ум, но не и со храброст? Зошто ме остави да создадам еден цел род, но не ме оспособи да се грижам за него? Оставен сам на себе, толку време! Тие се како деца, прекрасни и сурови, вистинити! Но, изгубени се Оче, толку време напуштени, како мене!.. Да... да! Заедно сме потполни! Моите деца ќе добијат вистински, грижлив татко кој јас никогаш не сум го имал, а тие ќе бидат она што никогаш не биле, згрижени деца! Да, да!

**ВО СЛЕДНАТА ЕПИЗОДА:**

- Прометеј го поведува народот во конечна битка против Зевс и другите божества и сѐ она што тие го претставуваат во надеж за слободен и безгрижен свет.
- Силите на Зевс се обединуваат. Божествата од сите богати земји во светот се обединуваат против народот од сиромашните земји.
- Возбуда, крв, кршење насекаде! Не пропуштајте!
- Не пропуштајте!
- Никако не пропуштајте!
- Ако пропуштите ќе се каете!

ПС: За да не пропуштите, втората епизода следува, веднаш!

### епизода112: Војната

*Логорски камп. Се слушаат јадикувања на ранети војници и по некој крик. Шаторот на Прометеј. Внатре Прометеј задлабочен во некои мапи и планови, го надгледува напредувањето на неговите единици. Влегува офицер.*

**ОФИЦЕРОТ**: Г-дине генерале, да ви се обратам дозволете.
**ПРОМЕТЕЈ**: Дозволено.
**ОФИЦЕРОТ**: Посета имате, господине.
**ПРОМЕТЕЈ** (зачудено): Посета? Кој мрачен дух, ми ја ремети мислата во ова доба од ноќта?
**ОФИЦЕРОТ**: Хера, вели дека Хера се вика, господине.
**ПРОМЕТЕЈ** (одлучно): Нека влезе.
*Хера влегува, внимателно, како да сака со секој направен чекор да се извини заради оваа ненадејна посета.*
**ПРОМЕТЕЈ**: Хера, какво изненадување, каква радост, во оваа ноќ исполнета со немост!
**ХЕРА** (како да се ослободува): О, драг Прометеј, на народот спасител. Слушам, добро напредуваш, секој ден мажот ми Зевс е сѐ побесен, молњи фрла наоколу, без ред.



**ПРОМЕТЕЈ**: Што те носи тука, каква намера чудна, не е белки бесот на Зевс, твоето известување мудро, зашто тоа веќе го знам, драга Хера.
**ХЕРА**: Не е тоа, мил Прометеј, туку нешто друго, нешто што на душата ми тежи веќе долго време, веќе вечност една цела!
**ПРОМЕТЕЈ**: Кажи мила Хера, не држи ме во незнаење темно!
**ХЕРА**: Прометеју мил, човечки спасителу, седни сега и слушај, зашто ова што ќе го кажам нозете нема да го издржат твои! Знаеш дека татко ти и чичко ти се убиени од злата рака на братучед ти, но тоа што не го знаеш ни ти, ни ниеден жив створ, е дека на чичко ти жената поштедена и грабната била. А, убиецот на нејзиниот маж за жена ја зема, о да, истиот твој, братот твој!
*Прометеј отпрвин не успева да разбере, но потоа ги поврзува работите. Зевс е тој кој го убил татка си и се оженил со... мајка си!.. Зевс... тој е негов брат... Хера е неговата мајка!.. о, Боже!.. каква судба клета!..*
**ПРОМЕТЕЈ**: Мајко!
**ХЕРА**: Сине!

## "КАИН И АВЕЛ", крема за рака

**Една рака мачкаш, двете меки!**

Постојат многу креми за раце на пазарот, но ниедна не е како "КАИН И АВЕЛ". Обидете се. Намачкајте ја едната рака со нашата крема и само по пет минути следува изненадување. Не само намачканата рака ја добива свежината, мекоста и нежноста што ја заслужува, туку и другата! Како се случува ова, го запрашавме д-р Крем д'Крем. "Па, видете вака, оваа крема има една активна состојка во неа, наречена "разбудитис-завистис-братус" која дејствува психоактивно врз кожата на намачканата рака која последично на тоа станува препаметна. Другата рака пука од завист и ги влече хранливите и богати супстанци кон себе и на тој начин и таа се подмладува" Неверојатно нели. Нарачајте веднаш и вие ќе се уверите колку е делотворна оваа крема.

За пола цена, цела крема. Една рака мачкаш, двете нежни, значи, една крема за четвртина цена! Да паднеш на нос и да станеш ќос, ако не купиш!

Заснована на архаичните вистини! Мора да е виститнита!


епизода113: Прометеј и Хера

*Во меѓувреме додека рекламата дејствието во свои раце го зема, муабет си направија Прометеј и Хера, повторно се зближија, разделени илјадници години, повторно најдени, од среќа исполнети.*

**ПРОМЕТЕЈ**: Мајко! Зевс ќе го убијам, ќе го одмаздам татко ми, т.е. и дваjцата татковци, и тебе заедно, во пакет!
**ХЕРА**: Сине, остави го него! Не заборавај зошто борбава ја водиш! Луѓето, нив спаси ги, на себе, на мене заборави! Сине, морам да одам, Зевс сигурно веќе ме бара, морам да одам, зашто ќе ме уништи.
**ПРОМЕТЕЈ**: Не оди мајко! Не оди кај својот мачител!
**ХЕРА**: Не грижи се за мене, сине, навикната сум јас, цела вечност е долг период за стекнување навика. Луѓето не заборавај ги!

епизода114: Измамата

**ТРАМП**: Како помина, жено?
**ХЕРА**: Одлично, мажу мој, Прометеј мамката ја проголта, секој мој збор одлично го соџвака!
**ТРАМП**: Браво! Сега откако Прометеј е доволно бесен, да поведе бој непромислен, конечно ќе можам со цела сила да ги удрам! А, откако исцрпени и разочарани на колена ќе паднат, ќе разберат вистински непријател кој им е, тој што ги поведе во самоубиствена војна! И тоа крајот на Прометеј ќе биде и на човекот што слободен сака да биде, а почеток на мојата власт апсолутна. Дојдете, браќа Олимпјани, остреде сабји небесни, ножеви бестелесни, ковајте, правете оружје, зашто конечниот бој е сè поблиску!




## ЕПИЛОГ

И додека Зевс судбината на човечкото достоинство и слободата ја запечатува, а Прометеј залудно мисли на спасението на луѓето, да не ги заборавиме и ние луѓето кои ни помогнаа да ја напишеме драмава врз основа на реални случки. Трамп, г-динот кој ги окупира нашите екрани со неговата прекрасна златна насмевка и заносна фризура, г-динот Бил Гејтс, не толку застапен на нашите телевизиски, но постојано застапен на нашите компјутерски екрани и сите оние знајни и незнајни јунаци кои придонесуваат за нашата опсесија со пари. Им благодариме на сите бизнисмени што работат за наше добро, крадејќи од нас и обидувајќи се да не прегазат или удрат во нашите бедни коли со нивните бесни коли на нашите заеднички улици во нивното брзање да завршат некој бизнис за наше добро. Им благодариме за чувството на одговорност на сите политичари кои водени од желбата за пари и моќ работат деноноќно за нас и нашата подобра иднина, трошат илјадници за нас и нашата иднина и крадат милиони за нас и иднината на нашите деца. И на крај, ѝ благодариме на телевизијата и другите медиуми зашто се грижат работите да останат такви какви што се, а по можност и полоши, со една единствена цел - забава, не чекај, не беше тоа... а, да: ПАРИ!

Ајде, сите заедно:

# ПАРИ, ПАРИ, ПАРИ...

**за младите и не толку младите!**

# КАПКА во ТИН ШЕМА

Мала хронологија на ,,детството" на КАПКА, далечната 2006 година, кога нејзината активност беше насочена првенствено кон младите

**рубрука Цепки / бр.136-146**

## КОЛИТЕ ВО ДЕПРЕСИЈА!?

Во нашиот град во последно време се случува една многу чудна појава. Автомобилите од разни марки и години на производство ненадејно запаѓаат во депресија и што е уште почудно, никој не ја знае причината за тоа. "Се случи наеднаш. Еден ден сосема нормално си возеше, а другиот немаше волја ниту да се помрдне" ни се доверува еден граѓанин-возач. Меѓутоа, од Министерството за автомобилистика тврдат дека ја откриле причината за ваквиот феномен: "Луѓето веќе не се задоволуваат со обични коли, сакаат сè побрзи, поскапи, поголеми. Тоа е веќе прераснато во еден вид манија и ни се чини дека никој веќе не може да го спречи тоа, а најмногу од тоа патат не-толку-луксузните-автомобили кои се препродаваат од еден на друг, селејќи се од семејство во семејство за сè помалку пари. И како после тоа нема да ги фати депресија! Затоа, за доброто на тие автомобили кои некогаш ги сакавме и ни беа доволни, да, навистина бевме среќни возејќи се во нив, апелираме да ѝ се стави крај на оваа болна опсесија!" изјави г-дин Коле Носталгија за нашиот весник.



## МОБИЛНИ РАСТАТ НА ДРВЈА!

### Здружена акција на "Макомоб" и "Демобил"

Макомоб вчера ја отпочна акцијата на садење нови типови мобилни телефони кои не се штетни по здравјето, зашто не емитираат штетни зраци. "Се работи за нова генерација "природни" (во буквална смисла на зборот) мобилни телефони, произведени по лиценца на германскиот производител 'Натурола'. На нашите плантажи посадивме илјадници посеви 'Натурола' модел 331 и 441 и се надеваме дека ќе има интерес кај граѓаните, пред сè зашто ова го правиме заради нив и нивното здравје."



"Драга, погоди што? Новите мобилни пристигнаа!"

Но, нашите извори тврдат поинаку. Пред извесно време организацијата за демобилизација "Демобил" вршеше притисок врз Макомоб заради производството и препродажбата на високоштетни мобилни телефони. Според нив, нашата земја емитирала огромно количество вакви штетни зраци кои потекнувале токму од мобилните и биле регистрирани дури и од страна на некои вонземјански цивилизации. Последниве се исплашиле за здравјето на нивните жители и оствариле контакт со "Демобил" (како единствена организација за демобилизација во земјава) и преку нив порачале дека ако таа појава не престане, ќе ги уништат фабриките на Макомоб. За возврат, вонземјаните понудиле технологија на одгледување природни и нештетни мобилни телефони.

И така нашиот народ уште еднаш (по случаите со натрупаниот нуклеарен и хемиски отпад) беше спасен од страна на вонземјаните. Барем тие сеуште мислат на нас!

## ТОРИ СПЕЛИНГ ПРВА ВО НАТПРЕВАРОТ ПО СПЕЛУВАЊЕ



Среќната Тори се јавува на другарите од Беверли Хилс да се пофали за победата

Вчера во САД (Супер Алчните Држави) ќерката на познатиот бизнисмен од областа на манипулацијата со човечката гордост и слобода, г-дин Арон Спелинг, младата и не толку убава, но прилично нашминкана, Тори Спелинг освои прва награда за спелување на државниот шампионат. По тешка борба и неизвесност таа беше едногласно избрана за победник на десеттиот државен натпревар во спелување од страна на нејзиниот татко, инаку единствен член на комисијата и основач на овој турнир. Ова е десетта победа по ред на оваа талентирана девојка. Во финалето противникот не успеа да го спелува зборот "тимпаномастоидектомија", додека Тори успешно го спелуваше зборот "уво". Ја запрашавме за коментар, а таа ни рече: "Противникот беше навистина без врска, и заради тоа чувствувам малку грижа на совест, но сепак сум пресреќна!" Колку совесно од нашата супер-ѕвезда!

### Апел на еден читател:

*Апелирам кон последнава вест, особено кон изјавата на Тори. Јас многу пати во животот сум добивал награди, како и моите колеги, впрочем со години си ги даваме еден на друг, па никој од нас, ве уверувам, никој, ниту еднаш не се посрамил од тоа. Благодарам.*

# 50 ЦЕНТ ИСЧЕЗНА!



50 Цент пред да стане повторно сиромашен

Познатиот рапер Фифти Цент ја започнал кариерата пеејќи по сиромашните црнечки гетоа. Во еден од пабовите во кои настапувал, го забележал еден продуцент, прочуен ловец на млади таленти, и го поканил да сними една песна во неговото студио. Тогаш сиромашниот пејач рекол дека не може да си дозволи такво нешто, бидејќи во џебот има само 50 центи (т.е. половина долар). Продуцентот ветил дека тој ќе ги покрие сите трошоци.

Така започнала легендата која од ден за ден сè повеќе расте. И така беше сè до минатата недела кога 50 Цент не се појави на снимањето на новата песна. Разлутениот продуцент му се јави дома, но не го најде, па започна потрага по него. Се слушаа разни гласини низ градот дека бил виден во неколку казина, луксузни продавници, по некои хуманитарни здруженија, сиромашни краеви и секаде правел само едно - трошел и давал многу пари. Кон крајот на денот конечно го најдоа во неговиот стар крај како седи со некои сиромашни млади дечки и разговара. Го собраа и го вратија дома. 50 Цент имаше само едно објаснување за ваквото однесување: "Не е фер! Се викам 50 Цент, а имам 50 милиони долари; не го заслужувам тоа име и нема да престанам да трошам и да давам пари додека не спаднам на 50 Центи!" Па, ако имате потреба од пари, обратете му се на овој рапер, со задоволство ќе ви ги даде.

# СУПЕР ОЧАЈНИ ДОМАЌИНКИ!

Продуцентите на успешната американска серија "Очајни домаќинки", по паѓањето на нејзиниот рејтинг решиле да го побараат решението во позаостанатите општества, зашто слушнале дека таму домаќинките се многу поочајни. Во изборот на можните земји кандидати победиле балканските земји. По истражувањето спроведено по националните телевизии на балканските држави, за фаворит била избрана една емисија, нашата "Супер домаќинка". Продуцентите решиле да ги спојат двете во светски супер-мега хит "Супер очајни домаќинки". Од организацијата велат: "Се работи за реално шоу во кое ќе ставиме осум очајни домаќинки во еден двособен стан, со една мала кујна, секоја со по две деца, во рок од цел живот, без можност за излегување. Последната која ќе преживее, ќе биде победничка и ќе добие машина за перење садови." Одлично! Сите домаќинки на балканот обединете се и гледајте ја оваа серија!



Една од американските "очајни" домаќинки, идол за нашите супер-домаќинки

## "ЛЕБ И СОЛ", НОВО КАФУЛЕ

Гинисовата книга на рекорди за градот Скопје вели: град со најмногу угостителски објекти и продавници за облека/обувки по жител во светот. И навистина, секој пат кога ќе излезете во град гледате изникнато ново кафуле, бутик, ресторан... Што ја прави оваа наша почва толку плодна за тој бизнис сеуште не е јасно, но аналитичарите на оваа појава велат дека кога луѓето помалку би ги трошеле своите пари по таквите места веројатно би им останувало повеќе за другите работи. Така велат научниците, но тие не знаат сè, нели?

Оваа недела се отвори ново кафуле, наречено "Леб и сол". Но, не избрзувајте, тоа нема никаква врска со легендарната скопска група, туку претставува концептуално кафуле, какви што има сè повеќе во нашиот град. Отидовме на местото и го запрашавме газдата за што се работи. "Ова е место каде што се собираат сите познати градски философи, или т.н. 'солачи на памет' и расправаат за животот, смртта, смислата на седењето по кафеани цел ден и сл." "Што имате на менито?" "Од домашните пијалоци имаме Сократско пиво, а од странските Хајдегер пиво и прочуениот Плафон коктел (ти го лепи мозокот за плафон!), за трезните умови препорачуваме Св. Августинска вода. За јадење нудиме само зеленчук, како на пр. Шопенхауерска салата и овошни салати со Зенонско овошје, зашто не се размислува лесно со тежок стомак." И така драги читатели, ако ви е солен паметот, повелете во "Леб и сол"!

## ЛЕК ПРОТИВ МИСЛЕЊЕ - БРЕИНТОКС

Освен за измазнување на кората на големиот мозок, "Бреинтоксот" се користи и против прекумерно паметење.

- Пред неколку години (пред претходните избори) имавме пациент со прекумерно паметење. "Паметам сѐ" се жалеше тој "кој што ми ветил, а не исполнил, посебно политичарите. Паметам колку грешки прават тие, колку крадат, а потоа нѐ убедуваат дека не го правеле тоа. Тоа ми прави проблеми, зашто секој пат кога треба да заокружам име на изборното ливче, немам кого да заокружам!". На пациентот му дадовме "Бреинтокс" и тој задоволен отиде да гласа и го пополни тоа ливче без двоумење!

Затоа, ако и вие имате дилеми од сличен тип (изборите се ближат, не заборавајте!), повелете кај нас и сите проблеми предизвикани од прекумерно мислење (или паметење) ќе исчезнат и вие повторно ќе бидете среќни. "Бреинтокс", вашиот вистински избор!



*Бидете среќни и глупави, само со "Бреинтокс"*

## "ДЕНОТ НА БЕЗВЕСНОСТА"

Драги читатели, денес нема нова вест, затоа што денес е "Денот на безвесноста". Не вртете по каналите, зашто залудно барате вести, не купувајте весници, зашто денес печатарските преси мируваат и новинарите се на излет, а тоа ви го советуваме и вам: излезете надвор, прошетајте се сами или со семејството, или ако останувате дома, сварете си кафе и прочитајте некоја убава книга. Денешниов ден се слави во целиот свет и денеска нема да има убиства, поплави, пожари, војни, болести, кражби, измами, сообраќајки… зашто нема кој да известува за нив.

## ПО "ДЕНОТ НА БЕЗВЕСНОСТА"

Драги читатели, денес во нула-нула часот и нула-една минута настана хаос ширум светот, како и секоја година по завршувањето на "Денот на безвесноста". Репортерите се најдоа на местата на настаните, а новинарите известуваа, пресите работеа со полна пареа и до утринските часови светот се врати во нормала. "Ова уште еднаш укажува на потребата од укинување на овој празник", велат уредниците на весниците.

## ИЗБОР НА ПЕСНА НА УНИВЕРЗУМОТ

И оваа година претставниците на сите позначајни планети со минимум интелигентен живот на нив учествуваа на изборот на песна на Универзумот - Унивизија. Оваа манифестација е можеби најзначајната, по Универзалното првенство во бркање бела топка по зелена трева, настан кој привлекува повеќе посетители и гледачи од кој било друг во универзумот. И оваа година, како и секоја друга, Унивизија не помина без шпекулации и скандали. Повисоките цивилизации беа обвинети од пониските дека "се работи за политика" и дека нивниот избор е пристрасен. Од друга страна, имаше и критики до организацијата на оваа манифестација, МТВ (Мега-галактичка Теле Визија), која категорично ги отфрли сите критики за регуларноста на изборот. Победничките, или победничката (како ви одговара, зашто ова суштество од галаксијата Андромеда има две глави) Ел Енар и Ст. Евска, изјави дека тоа е нејзиниот (нивниот) најсреќен ден во животот. Ете, драги читачи, така заврши уште еден настан од интергалактичко значење.



## ВЕСТИ ОД СВЕТОТ НА МАТЕМАТИКАТА

### Внимание: не е за нематематичари

Швајцарскиот тенисер Педерер беше прогласен за победник на турнирот Парифик Опен и беше богато награден со пола милион долари. Педерер изјави дека е пресреќен, но не поради парите, зашто до сега има заработено колку за два живота (а не заборавајте, тој потекнува и од богато семејство), туку заради убавиот и голем пехар кој ќе ја дополни неговата домашна колекција од пехари.

Инспирирани од овој настан, ние направивме една пресметка, а тие што не сакаат математика ги замолуваме да не читаат повеќе. Во финалниот меч се изиграни просечно 5 удари во еден поен, 6 поени (30 удари) во еден гем, 9 гемови (54 поени, 270 удари) во еден сет и, конечно, 3 сета (27 гемови, 162 поени и 810 удари) во целиот меч. Математиката се однесува на двајцата играчи, но ако ја поделиме на половина добиваме 405 удари на г-динот тенисер Педерер. Зошто се изнамачивме волку со таа неомилена наука кај многу деца (па и возрасни)? Одговорот е во ова: еден удар на топче со тенискиот рекет во раката на Педерер вреди, ни помалку, ни повеќе од: 1234 долари (околу 61.500 денари)!!! Па, сега вие пресметајте колку е просечната плата во нашата земја и дали вреди да се трудиме, или сите да почнеме да тренираме тенис!

# ЛЕКОТ "АНТИЛЕ-ЛЕК" ПОСЛЕДЕН ХИТ НА ФАРМАЦЕВТСКАТА СЦЕНА




Некои од нашите популарни пејачки ѕвезди тргнуваат по примерот на американската пејачка Кристина Агилера, која за текстовите на своите песни ги користела СМС-пораките добиени од фановите. Најновите песни кои се создадени кај нас на овој начин стануваат инстант-хитови. Меѓу нив најпознати се: "Оди ма шетај, научи да пееш", "Кучето ми се разболе, а мачката одамна изврши самоубиство од твоите песни" и најпопуларната "Кога те слушам, стомакот ми се грчи, а главата ме боли, џабе кркам линекс, а ни кафетин не помага". Во Зегин, велат дека имаат решение за ваквиот проблем, а тоа е лекот "антиле-лек", кој помага и во најтешките случаи на Лошослухитис.

# Климе, сакам МедМакс!

Кога нешто заслужува да го споделите со блиските - не брзајте! Кога сакате да раскажете за вашите згодни и незгодни пријатели, или едноставно сакате да го користите новиот МедМакс тарифен модел на ГлобиМак - не брзајте, има време. Не брзајте веднаш да вртите по телефон, полека, штедете го вратот од вкочанување, а ако веќе морате да се јавите, договорете се каде и кога, излезете надвор, прошетајте се, направете релаксирачки муабет со блиският.

За некои разговори не е потребен телефон.

Зборувајте и повеќе од 60 мин. Бесплатно!



"Мамо, раскажи ми приказна пред спиење!",
"Сега злато, оди легни си и земи го телефонот."

**КОСМОСОН ви нуди космички сон и спознавање на суштината на постоењето, мистични техники на телепортација на подморници во езера и други тајни на големите мајстори на безжичната технологија, по најевтини цени во градот, вселената и потесно. Побрзајте!**

# ИНВАЗИЈА НА КЛУПИТЕ ПОКРАЈ КЕЈОТ НА ВАРДАР

Драги читатели, денеска се случи невиден настан, случка досега незабележана во архивите на ниту една земја во светот. Имено, рано изутринава кејот на Вардар, инаку слободна шетачка зона, осамна "окупиран" од стотици Клупи! Ние се најдовме на местото на настанот и ги запрашавме надлежните за случајот за што се работи: "Ова е несекојдневен настан. Како што гледате, Клупите се тука и немаат намера да се помрднат. Не сакаме да ве залажуваме, зашто ситуацијата е сериозна: слободната шетачка зона е под окупација од вонземјанска раса, позната како Клупи. Се обидовме да комуницираме со нив, но тие не покажуваат никаква желба за компромис, само седат таму и молчат! Ваквото однесување не може да се толерира!" Набргу по нашиот разговор, на местото на настанот се појавија СУС (Специјални Угостителски Сили) и спроведоа успешна акција на "чистење" на кејот на Вардар. Клупите беа тргнати и на нивно место беа поставени столици и маси од страна на тамошните угостителски објекти. Неколку луѓе од толпата реагираа на настанот: "Па, која е поентата!? Слободната зона е повторно окупирана!" Но, со пријателски шлаканици од страна на припадниците на СУС им беше укажано дека поставените столици и маси се "заштита" од повторното појавување на злогласните Клупи. И така, овој несекојдневен настан заврши и сите среќни си отидоа дома. А утре, сите на кафе покрај кеј!

# ГОЛЕМИТЕ ИЗМАМИ НА 20-ТИОТ ВЕК

**На тема: Пропагандни техники, или "Како да оцрниш еден човек" и да му ја украдеш славата и парите**

# Случај ТЕСЛА

Еве што викаат некои извори за овој голем ум и научник:

**Супермен (цртан филм):**
Лудиот научник Тесла сака да го уништи градот каде што живее Супермен (од непознати причини, но по сè изгледа дека е само луд)! Неговите "зраци на смртта" се закануваат дека ќе го срамнат со земја градот... о, Боже! Но, не очајувајте, зашто тука е Супермен, кој го спасува градот и го сместува Тесла таму каде што припаѓа: во лудница!

**Енциклопедија Британика, www.encyclopedia.com (и многу други онлајн и печатени реномирани енциклопедии):**
Гуљелмо Маркони, италијански научник го измислил радиото (и во 1909 г. е награден со Нобелова награда за тоа), прв применувајќи го безжичниот пренос на информации, револуционерен концепт (неопходен за идните пронајдоци: ТВ, радар, мобилни телефони, за управување со сателити и сл.), кој ќе го забрза развојот на дваесеттиот век со невидена брзина. Тесла е споменат само како изумител на наизменичната струја.

**Факт (најпосле вистината)***
Генијалниот (и секако не луд) научник Тесла е татко на илјадници пронајдоци кои го сменија дваесеттиот век на безброј начини; заради него печките ни греат зиме и вентилаторите ладат лете во домовите, апаратите работат кога ќе ги вклучиш и светлото свети кога учиш, зашто тој ја измислил наизменичната струја; радиото (и безжичната телеграфија) е изум на Тесла (а не на Маркони). Тесла починал сам и без скршена пара, додека неговите колеги со подобро чувство за бизнис и искористување и омаловажување на туѓи идеи ги преземале неговите пронајдоци и заслуги (Маркони, Едисон и компанија) се давеле во пари. Ликот на Тесла е заборавен, или ако е запомнет тогаш е лик на луд научник кој сака да го уништи светот, додека во стварноста тој мечтеел за свет со бесплатна енергија за сите, свет во кој не би се воделе војни за нафта, но ете, некој сакал да биде поинаку.

* проверете сами, последниот извор не ви го кажувам, прочепкајте малку, развијте мозочни виуги, што ве чини!

**Здружението на богати граѓани известува**

# МАЈКЛ ЏЕКСОН ПРЕД БАНКРОТ!

Познатиот поп пејач, Мајкл Џексон, некогаш познат не само по својот глас, туку и по огромното богатство, се наоѓа пред банкрот. Мајкл, кој е навикнат на луксузен живот, не може да си прости себеси заради ваквиот исход на настаните и прави римејк на неговата песна "Јас сум лош!" во "Јас сум бош!". Здружението на богати граѓани формираше фонд за помош на овој пејач. Па, помогнете му и вие на Мајкл да си ги врати парите, пратете му по еден денар! Пресметано е дека кога секој жител на планетава би пратил по еден денар на Мајкл, тој би собрал преку 7 милијарди денари, што е доволно да излезе од депресијата. Оваа идеја беше со воодушевување прифатена од другите музички, филмски и сл. бивши богати ѕвезди, кои си формираа свои приватни фондови. За жал, фондацијата "Спасете ја Африка" која исто така сакаше да ја искористи оваа идеја за да ги спаси децата во Африка беше тужена за авторски права на идејата од "Здружението на богатите граѓани" за што ќе мора да плати 5 милиони денари. Но, радосна вест е што од овие пари на лицето на барем еден бивш богаташ повторно ќе се јави насмевка.

По Мајкл, Бил Гејтс бара помош од вас. Компјутерот дома му се расипал, а на сервис му бараат 1.000 денари за реинсталирање на Виндоус, па ако имате нешто вишок...



# КУМАНОВСКА ПАПАЗИЈАНИЈА

## на тема транзиција

## Транзициска басна

Било си зајче што се викало Трајче.

Ај што се викало Трајче, него на Трајчета много му било мерак да се курчи.

Абе Трајче ако не се заеде с'с некога, не му е дн.

Ама Трајче у цел свој стаж како курназ, увек некако, дал на срећу, дал на брзи ноге, увек му успеало да гу збрише пред да наебе.

Ама и на Трајчета му дошја црн дн. Закачија се он, шваљериште, сас Црнога Вука. Најцрнога у шуму бе. Толко црн, кд е мрак, сал зуби од њега. А зуби, на!

Ај што е црн, ама и брз, мамицу му. Нинџа вук што би кажале покултурни.

И Трајче ск се нашја у небрано. Избегаја он некако у дупку своју, по тј мрак и све, ама црн вук братче не забравља. Бетер од слона. Што е бе слон, наспрам црнога вука.

И црн вук збраја банду, тражив га Трајка кожу да му дерев. Трајко дреме у дупку, не смее да искочи. Искочи ли, толко од њега.

А снемуе моркови, мамицу му. Од курчење нема време за залихе правење.

-И ск, мисли се он, абе мора да улегну у некоју коалицију. Да ме брани некоја покрупна живуљка.

Маму ли му ебу, сас сви скоро сам се закачија у шуму, што ли ми требаше толко да се курчу.

И грицка нокти такој зајко и му мисли:

-С'с мечке да праву, ама, дира ги што су дебели и ненашминкани, не бива.

-С'с ежеви, заебава ги сас онуј песму, дека не ги бива за онуј работу.

-С'с верверице, пуни им ги ораси сас јуву, љути су ми још. Да ги ебу па и њима.

-С'с елени, заебава ги дек су рогоње, и дека ја им ги стављам тија рогови.

-С'с пчеле, њима им се посра у мед. Уф, и мечке за тој су ми љути, гарант.

-С лисице, њима ич да не ги стављам у комбинацију, с њим свакодневно се 'рчкам.

-Е с кога бе не сам се заеја?

-С лава* бе, с лава. С њега да се 'рчну никад не сам имаја муда. Ќе иду куде лава, ќе праву коалицију. Тој ми е едини спас.

И тера Трајко у рану зору, кд се умориле црни вуци од тражење, ама па онакој сас уши




нагоре, да не крцне некоја гранка, да не си направи бељу без потребу.

Собраја он мирази што имаја дома, да га одоброволи малце лава. Дотераја се с лептир машњу и направија букет цвеќе.

Иде, ѕвони културно на порту од пештеру.

Лав искача, онакој сањив, пцуе све живо, кој га буди у овој невреме. А мамуран у пичку матер. Бија синоќа на журку куде зебру*, пиле, пиле па се забравиле.

Зајац га слуша и сере у гаќе. Вика, "отиде коалиција, еба ми се све по списак".

Лав га гледа, трља очи, не му се веруе. Зајац у лептир машњу! Вика: "да му ебу стопаницу, јака тај ракија на зебру"

-Кој си бе ти море курле, што ми ѕвониш овакој рано насабајле?

Зајац одма се убацуе у гзолизачки мод, нема више курчење кд е тесно.

-Абе Лаве, помагај живти све најмило. У голему невољу сам. Ако ми поможеш, за кума ќе те стављам на сви мои деца, нема да има слава, роѓендан, банкет без тебе у чело

-Помагај Лаве, ако бога знаеш. Ов'ј мој заедл'к ќе ме кошта живота.

-Добро де, улегни ај, ќе сврау кафе, ко људи ќе разговарамо. И не пискај толко, боли ме глава.

Улегнале они, ол'кнало му малце на зајца, грудва од срце спуштила се малце подоле. На мочан меур. Стеза, ама па не толко.

Седнале што седнале, збориле што збориле. Пиле кафе што пиле. Горко, ама не смејаја зајко ништо да каже.

Све се договориле. Зајко се задужија млого за заштиту. Цунаја руку и кумија се.

Ама па, зајачка кожа на њега останала.

И па Трајко зајко могаја да се курчи, овјпут с јак грб, што кошта нек кошта.

С време биднаја и рекетар за Лава. С црни вуци колега. Пошто Лав не бија кум, него Кум.

### ГЕНГСТА ШЛЕП

Ми смо шверц-комерц
ми смо јака фирма
млатимо паре, царе!
Сакаш виски, нафту,
сакаш ли цигаре?
Пратиљу сакаш,
сакаш коку?
Имамо бате,
разнолику стоку.

Рушвет има
за тија што треба
злато и мито,
нема лито!
Да е сито решето,
да пушта и крупно и ситно
тој е битно!
Ми смо ти брале,
Банда Магистрале!

Генста шлеп!
Генста шлеп!
Немамо си гајле
цариник ни е слеп.
Генста шлеп!
Генста шлеп!
Овој ти е брале
шверцерски реп.

Ми смо друмски нинџе
заебани играчи,
млатимо паре, царе!
Сакаш Версаче, шток,
јамајка цигаре?
Хусо Бос, Ѓорѓе Армани,
све имамо, само спреми
money!

Шушке има
за људи наши вредни.
Куде нас братче,
нема бедни!
Другде да погледав,
да пројде роба хитно,
тој е битно!
Ми смо ти брале,
Банда Магистрале!

Генста шлеп!
Генста шлеп!
Немамо си гајле
бизниз ни е good.
Генста шлеп!
Генста шлеп!
Шверцаш и ти,
не се прави луд.

*фуснота:*
*Знам дека нема лавови и зебре у шуму, ама па Езоп у његову има. Е тај иста шума е.

*Наравучение:*
*Не се курчи без грб. Ако мора да се курчиш, куми се с Кума.*

## Прикаске од транзициску шуму:

# Продавав се дрва.

Беше тек још едно транзициско сабаjле...

С'лнце чим изгреа, одма почна да се стреми цврсто и одлучно кон запад.

Мрзљиво пушташе по некое зракче, за свак случај, чисто да не му дојде инспекција.

Ед'н зрак се прошуња лоповски низ скршену ролетну и почна да га пече по образ Ламбета Патуљка.

Ламбе се проврте, избриша си ги лиге, пина водичку, и седна на столицу да се одмори. Од спање...

Али, не да му судбина црна. Не стигна ни корнфлејкс да си га отвори, к'д ете ти лупање на врата.

"Кој ли е мајку му, оволко рано.", питуе си се Ламбе, и тој с'с пуно право. Отвори ги врата неодлучно и виде га другара му Васка Прасца.

"Ти ли си бе? Ај улегни, ќе туру кафе."

"Какво бе кафе, Ламбе брате, голема катастрофа се спрема! Гар-гар Мејл* ќе ги продава дрва у шуму бе! Дрва бе еј! Наше беше, с'к којзнае кој ќе ни газдуе! И тија што живимо од дрвосечу, којзнае дали сви ќе не оставив. Мож да летимо г'с преко главу!"

"Кое бе он ќе продава? Да не су на деду му да ги продава. Одма на блокаде!"

Не пива ни кафе ни ништо, одма се растрчасва по шуму, дигнасва све живо што можесва на ноге. Веверице, зајци и други глодари, углавном, туј и тамо по некој вук и лисица да ги држив потпалени. Ќе блокирав целу шуму, посебно пред замак, не си идев док не гу решив работу.

***

Гар-гар Мејл удобно си седеше у фотељу у свој замак. Слушаше некоју галаму надвор, ама, не е ни прва ни задња. Вртеше си с палци и мислеше што да игра спортску. Нек се побунив малце, ќе им досади, па ќе си идев дома.

***

Шума застана! Љути живуљке никога не пуштав.

Јадна Црвенкапа џабе им објаснуе дека баба ву седи гладна и без лекови, болна жена. Глодари ву се ругав, што тражи баба сама у шуму.

Вук седи у жбуњ, глоѓав га гранке по г'с. Седеше, седеше, па заеба заседу.

На вештерку ву се убуѓа куќа чекајки ги Ивицу и Марицу.

Снежана касни на састанак сас Принца. Трноружица се успала, немало кој да гу пробуди.

Општ хаос...

***



Гар-гар Мејл виде дек работа бидна озбиљна, овија бре како куќу да немав. Још палив некои калавешнице. Као претив.

Али Гар-гар не е џабе вештер и главан шумар. Ќе им смути он чорбицу.

Викна ги Ламбета и сарадници, демек на ручак, да се договорив. Све да биде транспарентно! Вештерка Карамела му дојде у испомоќ. За кување де. Наедесва ги они с муќеницу, народ гладан, не застануе да мисли. Дадесва им и за по дома да носив. Уверисва ги дека нема место за панику, дури и да ги продадев дрва, све ќе биде добро под нови газде. Никој нема да биде поебан. Никој нема без дрво да остане.

Зборисва им дека они су кандидат да улегнев у унију на шуме, и дека ќе има дрва, граѓа и пољанке за свите. Дека овој е неопходан корак. И неколко зиме ќе мора да се презимив с'с поскупи дрва. Али дека тој е за добро на сви.

Дали од чорбу, дали због тој што им се приспа од ручак, растурише се блокаде за некое време.

Гар-гар, одма га искористи затишје, и ували ги дрвца, демек на аукцију, ама у ствари, веќ сас договорени шумари. Овија шумари бесва у зелени бермуде, сасве перо у ловачку капу. Мислим, ако њима не ги бива да управљав сас шуму, кога да га биде.

***

На Гар-гара му падна камен од срце. С'к некој друг нека се секира за шуму. Он може да си се посвети на поважни работе, ко на пример да си уплати спортску с'с нови паре, а и Карамела на кафе да му гледа.

Ламбе и компанија, чим се разбудисва од варљив с'н, одма сватисва дека су поебани, ама џабе им беше. Блокирасва још малце, па заебасва. Имав и они куќе.

"Јебига, отидева дрфца, да се надамо дека нема много да ни ги наплаќав тија што си ги сечемо за огрев. ", кажа им Ламбе на насобрани.

Живуљке слегнасва с'с рамења, што ќе правив, не е ни првпут ни задњипут да ги заебе некој. Гледасва накуде земљу, и одма у главе им се ковеше план да си насечев ск дрфца, док још не дошле газде. Да има да се презими.

Па за другу зиму после ќе мислив. Друга зима, тек догодине...

---

*Гар-гар Мејл беше вештер и вршеше шумарску дужност, поставен од Уранка Црнобрадог, најмладога чаробњака у сви транзициски шуме.

*Текстови од Кумановскиот дел и песната на стр.20: Вргуд Мргуд*

# ФАРМЕРСКИ ВЕСНИК

Весник ЗА фармерите, ПРОТИВ граѓаните!

## ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА БОРБА ПРОТИВ ГРАЃАНСТВО

Околискиот претседател и врховен врач на КА, Врачевски, вчера ги пушти во употреба просториите на Одделението за борба против граѓанство во кое работат седум обучени врачеви и видовити мештани. Селаните ја оценија оваа постапка како одлична и се надеваат дека во иднина ќе можат да бидат заштитени од "странските" упади и подметнувања на "нефармерска" технологија во нивните домови. Само минатата година се регистрирани преку стотина ситни и неколку поголеми инфилтрирања на таквите технологии во нашата заедница, во сферата на сточарството, преку земјоделството, домаќинството и сл. Забележителен е случајот на г-ѓа Ставревска која на местото на поставената механичка стапица за глувци во нејзиниот дом нашла полифазно-ретроактивен кршач на мраз, но се претпоставува дека во овој случај се работи за грешка на "инфилтраторите". "Непријателот чека зад секое ќоше. Бидете будни и помагајте си!" порача Врачевски при пуштањето на одделението во погон.



г-дин Врачевски



Сопствениците на Шарко негираат, Радио Милева потврдува:

## "КРАВАТА ШАРКА ГО МЕРКА ШАРКО!"

Драги соселани, денеска во нашето село се случи неверојатен настан. Кравата Шарка, позната по својата ексцентричност и испади во јавноста изјави дека го сака Шарко, кучето на г-дин Стој Кој. По повод оваа невообичаена случка г-дин Кој изјави: "Па, таа крава е луда! Моето куче никогаш не покажало симпатии кон неа, ниту кон некоја друга крава. Точно е дека понекогаш ги гризе за опашот, но тоа е од "педагошки" аспект, да не влегуваат на мојот имот." Но, Радио Милева, сосетката на г-дин Кој, вели поинаку. "Ги видов неколку пати во нивата како се бркаат и се задеваат и верувајте ми, во тоа имаше повеќе од 'педагогија'" Неофицијалните извори велат дека младите закажале свадба за ноември, но можеби ќе има мало одложување заради финансиските потешкотии на Шарко околу набавката на доволно голем прстен за Шарка.

Најевтини бурми и друг златен накит, во златара „Златно теле". Повелете!

Комисијата за антиграѓанство пријавува

## ДОРЧОВСКИ ДРЖИ ДВЕ НЕСПОЈЛИВИ ФУНКЦИИ

Дорчо Дорчовски, коњот на г-дин Сел Анец е пријавен од страна на КА (Комисија за антиграѓанство) за нарушување на Законот за спречување на антиграѓанството заради извршувањето на две работни функции, што според овој закон е недозволиво. Едната е транспортна и е поврзана со извршувањето на превозните активности за г-дин Анец, а другата работна и се однесува на орачките задолженија на овој коњ.

Нашата редакција се најде на местото и го интервјуираше г-дин Анец. "Не е вистина! Се работи за клевета од страна на мојата сосетка Анка Селова, која во една прилика побара да го купи Дорчо, но јас ја одбив и сега ми се одмаздува. Дорчо е вреден и одговорен коњ. Тој никогаш не би прекршил ниту еден закон, дури и да му дадете цела кутија коцки шеќер."

Ако се докаже дека "клеветата" е вистинита, во КА велат дека тоа би значело повредување на членот 22 од законот за спречување на граѓанството. Во точката 5 од овој член пишува дека избрано или именувано домашно "транспортно" животно под сопственост на приватно лице - фармер не може воедно да врши и "работна" функција преку која се остварува лична корист или која било форма на профит. Додека КА го испитува случајот, малку поинакви вести од нашето село:



Г-ѓа Анка Селова одговара: „Што ќе ми е коњ, јас си имам Кола!?"

# "ЕЛЕКТРОТУШ" КРИТИКУВА

### Одговорните молчат

Честопати како причина за неразвиеноста на нашето село се споменува малата површина и малиот број на жители, според што тоа не претставува атрактивен пазар за инвеститорите од другите села, но вистината е далеку од тоа. "Електротуш", селска фирма за производство на електрични тушеви од селото Словониа, тврди поинаку. "Состојбите во вашето село се загрижувачки. Постои голема несоодветност во степенот на економската моќ што ја поседуваат одделните куќи, па најблиските соседи може да се разликуваат како две посебни држави. Во таква клима секоја инвестиција е несигурна." И ете, како што гледате, различноста е добра, но не секогаш. Можеби кога би постоела мала рамнотежа, работите би тргнале на подобро, па и ние би имале тушеви на струја. Ете следна задача за КА, да ги испита причините за таквата појава и да дознае зошто во едно малечко село како нашето има толку многу нееднаквост.



Нееднаквоста е повеќе од очигледна. Додека едни седат,други стојат, а трети ги служат...

# ЗА ПОЛСКИТЕ РАБОТИ КОНЕЧНО И КАЈ НАС!



**Совршен прирачник за луѓето кои не се задоволуваат со постојното и постојано бараат нови возбуди во животот. Идеален за млади, како и за стари. „За полските работи“, ваш пријател.**

### Филосолски приказни од нашето село

# СОКРАТОВСКИ ШИРИ СОМНИТЕЛНИ ИДЕИ

Сократ Сократовски, нашиот прочуен локален солач на памет и највериот посетител на локалната кафеана "Леб и Сол", место за собирање на локалните "кафански фисолфи", вчера, по излегувањето од гореспоменатата кафеана, наместо дома се упатил кон најблиското поле. Нашите извори дознаваат дека таму им одржал говор на вработените полјаци, кои поттикнати од неговите идеи отпочнале штрајк. Разговаравме со еден од полјаците. "Не сакам веќе да работам на полето, сакам да бидам кондураџија!" вели тој, како впрочем и сите преостанати полјаци.

По неколкучасовна истрага го пронајдовме Сократовски како спие во еден ендек и го замоливме да ни ја разјасни работава. Тој си ги протре очите, се протегна и ни рече: "Само им зборував за тоа како треба да се усовршат во работата и дека никогаш не треба да се задоволни од себеси, зашто: 'Знам дека ништо не знам' е единствениот правилен животен став." "Но, што е работата со кондураџиството?" "Тоа им го споменав само како пример, нема никаква врска со нив." Откако ја разјаснивме работата отидовме пак кај полјаците, кои веќе работеа на подобрувањето на нивните полски кондури и им објаснивме за што се работи. Последната вест што ја имаме од полето е дека е полно со депресивни полјаци кои ништо не работат зашто не се сигурни дали доволно знаат за полските работи.



Сократовски во ,,берберска'' фаза од неговата филозофија

## За полските работи

"За полските работи", феноменалниот прирачник за полјаци и кај нас! Оваа книга е одличен информатор и "водич" во областа на полските работи за почетници, но и верен "советувач" за искусните полјаци. Во неа ќе најдете сè што ви треба, од информации за тоа кои алати се користат, кои техники и методи се најдобри (од основните до напредните) и сè друго што ќе ви овозможи да станете професионален полјак.

Затоа, излезете од депресијата и влезете повторно во полето! По неверојатно ниски цени во локалната книжарница (и продавница за шталско ѓубре). Побрзајте, тиражот е ограничен!

**Комисијата за анти-граѓанство заклучува**

# ДА СЕ КАЗНИ НЕЛЕГАЛНОТО ФИНАНСИРАЊЕ НА КАМПАЊИТЕ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДОМАШНИТЕ ПРОИЗВОДИ

На вчерашниот состанок во домот на Миле (зашто просториите на КА моментално се користат за натпреварот во правење пити на нашите највредни домаќинки) комисијата за анти-граѓанство решителна, со став дека нелегалното финансирање на кампањите за промоција на домашните производи треба да се казни. Целата дебата беше поттикната од страна на неколку локални производители на патлиџани и пиперки (со мотото "Црвено е, добро е!"), како и одгледувачи на прасенца за еднократна употреба (со мотото "Лапни, голтни!"). Нивната кампања, според сознанијата на КА, е финансирана од надвор, што е недозволиво според законот за финансирање на кампањите за продажба на домашни производи. "Ние немаме ништо против кампањите. Тие го подобруваат производството и потрошувачката, но тука нè засега начинот на кој тие се финансираат, а тој е неправилен." На средбата беше решено споменатите "нарушители на законот" да бидат казнети со запленување на нивните производи. Состанокот заврши со закажување на утрешната "Лапни, голтни!" прослава на донесениот закон во просториите на КА (белки ќе остане нешто и од питите!).



Розе-Кола, уште еден од „проблематичните" производи

## СЛУЧАЈОТ НА ЈОНЧЕ БОНБОНЧЕ

**КА бара истрага**

Случајот на Јонче Бонбонче долго време ја потресуваше нашата заедница. КА конечно бара истрага од полските сили да спроведат истрага на случајот. Јонче, овој наш најголем производител на бонбони и други благи работи, пред неколку месеци беше пријавен од страна на еден наш новинар за поседување на нелегална сметка во банката за бонбони во селото Швајц Парија. Јовче веднаш ја демантираше таа вест и го тужеше нашиот новинар за клевета. Надлежните во Швајц Парија молчат, а полската полиција не реагира. До следните вести, не јадете бонбони.



„Слаткиот" Јонче

## КОЗАТА НА КРУМЕ ПОВТОРНО ПРАВИ ПРОБЛЕМИ

Козата на Круме Козарков, прочуена дури и во другите села поради својот незапирлив апетит, кој не поштедува ништо, е пријавена од страна на Д. Дебелков. Тој тврди дека козата вчера, додека тој бил во лов со неколку други соселани, влегла во неговиот дом и го изела сиот мебел, сосè кујната! Козарков тврди дека тоа не е вистина и дека Дебелков го продал мебелот ден пред тоа и го поткрепува своето тврдење со тоа дека завчера го видел како изнесува некои маси и столици од дома, но не му придал значење на тоа. Но, Дебелков има алиби, двајцата соселани, кои наводно биле на лов со него во изминативе три дена. Козата нема алиби. Таа сега се наоѓа во нашата полска станица и од таму тврдат дека до сега ништо не изјавила, но дека го изела стапот.

## НОВА ПАРТИЈА ВО НАШЕТО СЕЛО

Овците од нашето село вчера одржале итен состанок на овчата интелигенција и формирале овча партија, наречена БЕЕ. Го запрашавме новоизбраниот претседател на оваа партија кој бил повод за ваквото организирање на овците. Г-дин Овчи Кашкавал изјави "Бее!", а неговиот портпарол додаде дека дискриминаторскиот однос на свињите од нашето село кон нив, како и нивната доминација на пазарот за месо ги натерала на ваков радикален чекор. Тие веќе планираат да учествуваат на претстојните избори и се надеваат на солидни резултати. Ни наговестија и некои од слоганите со кои ќе настапат: "Помалку холестерол, повеќе протеини!" и "Со нашата волна нема зима!" Па, да им посакаме среќа ним и на другите кандидати на претстојните избори на домашни животни.



**БЕЕ ве повикува на општо стрижење на следните избори!**

# МЕРИ ЏЕЈН ЈА ТУЖИ ДРЖАВАТА!



Мери Канаба Џејн

Мери, ќерката на Канаба, ја тужи државата, поради:
1) Немање на слобода на изразување
2) Ма, што се зезаме, немање никаква слобода!

Со оваа тужба, во две куси, но многу силни точки, Мери настапи пред основниот суд во нашето село и доби казна од две години затвор, без можност за помилување. Мери се чувствува добро, вели дека ѕидовите не можат да ги ограничат нејзините слободни мисли и дека, од инает "трипа" најмногу што може. Со нови вести, од затворот "Мери-ленд", се јавуваме штом ќе ги добиеме, а вие драги читатели, останете покрај вашите весници, следува реклама:

# ОД ГОВОРОТ НА ЕДЕН ОБИЧЕН ЧОВЕК ПРЕД ТОЛПА ДРУГИ ОБИЧНИ ЛУЃЕ

Драги соселани, се слушаат гласини дека во нашето мирно и здодевно село се инфилтрираат луѓе што шират невообичаени идеи. Се појавуваат реклами за разни напитоци, совети од разни стручњаци, како да не ни бил добар животот пред тоа и не сме знаеле што да правиме без нив. Многу ни потребале тие! Јас велам, речете не! Што и да ви кажат, вие само одречно: НЕ! Само тоа ќе ве спаси од новото и ќе ја сочува традицијата на старото, за која добивме вести од учените и упатените дека секој ден очекуваат да биде повторно пронајдена. Затоа, не давајте се и со силата на селанството напред, односно назад, се извинувам, всушност стојте си во место, мислам, одете си дома, не стојте сега тука, де, одете си ама дома стојте, мислам не буквално, туку стојте на своите ставови и вредности. Поздрав!

# "БИСТРО-МАТНО", НОВА АНКЕТА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА БЕЗАЛКОХОЛНИТЕ ПИЈАЛОЦИ ВО НАШЕТО СЕЛО

Во нашето село, како што знаете, има неколку производители на безалкохолни пијалоци. Комисијата за антиграѓанство, меѓу другото се грижи и за квалитетот и бистрината на пијалоците со кои овие производители се присутни на пазарот. Биле испитани десет од вкупно осум производители и три се прогласени за најбистри, "Најбон Аква" од производителот Најдо, "Предобра вода" од Добре и народниот првобранител Бистар Бистраковски, кој нема врска со анкетава, но има најбистро име и презиме.



Граѓанска асоцијација ЗЖЗБ (Здрав живот со здрава боза) апелира кон ,,матноста'' на ваквите анкети и нивната смислена анти-пропаганда кон вековниот пијалок - бозата.

Од друга страна, бозата на Лек, била повторно прогласена за најматна. "Да се разбереме, квалитетот на бозата тука не е во прашање, сите знаеме колку е таа здрава за човекот, но никако не можеме да се помириме со нејзината нетранспарентност; таа е толку матна што ни со најсовремените уреди не можевме ништо да видиме низ неа." Ете, драги читатели, тоа се резултатите од оваа многу значајна и умна анкета, од која нашето општество ќе има несогледливо значајни последици во иднината, ако не реалната, тогаш секако во имагинарната.

# Д-Р АЈД' СО НОВ НАПИТОК

Се чувствувате без идеи, да не речеме "глупави", мислите ви се стереотипни и никако не можете да излезете од кругот на обичноста. Пробајте го најновиот пронајдок на нашиот околиски лекар д-р Ајд', волшебен напиток што од обичен и здодевен човек ве прави индијански шаман, поглавица на племето Саксии, Крејзи Грас. Можеби луѓето нема да реагираат соодветно на вас, можеби дури ќе завршите во затвор или лудница, но тоа е цената на необичноста. За малку повеќе пари, д-р Ајд' ве из(в)лекува од каква било институција (меѓу кои се и горespоменатите). Бидете необични, бидете Крејзи Грас, со новиот напиток на д-р Ајд'.
Ајд'

# АНТИГРАЃАНСКАТА КОМИСИЈА БАРА РЕАКЦИЈА ОД НЕЈАВНОТО НЕОБВИНИТЕЛСТВО

КА бара од НН да спроведе постапка за да се утврди (не дај боже!) евентуалната одговорност на чиновниците во Министерството за Неодбрана во врска со нетрошењето на парите од буџетот. "Во буџетот беа предвидени средства за купување оружје, возила, униформи и сл. кои не се потрошени. Бараме одговорност, бараме трошење!" велат во КА. Одговорните (кои не сакаат да им се спомене името), велат дека сметаат дека на нашето село не му треба таква опрема и ја инвестирале во купување семе, храна за стока, градежни материјали за изградба на штали и сл. "Нашето село е познато по мирољубивоста и ненасилството, дури и да не нападнат, ние нема да реагираме, што ќе ни се тогаш сите тие оружја и возила, што да му правам јас на еден, да речеме, тенк? Можам само гасениците да му ги нахранам со зелка, ако ме разбирате, зашто друго не знам! Овој потег на КА е бесмислен и не е во согласност со потребите на нашето село." Вели еден анонимен и мирољубив селанец.



Подводните мини на нашата селска морнарица се користат за кошарка

**КАПКА** ве известува дека весников тука завршува, со желба дека и транзицијата ќе ни заврши баш така - ненадејно, а вие не заборавајте дека КАПКА:

*Ви нуди смеа и заборав!*
*И таман кога мислите дека сте срекни со работите такви какви што се, ви ја открива горчливата вистина и ве тера на акција!*
*Кајшто има општествена појава, личност или групација која заслужува критика, таму сме ние!*
*Ние менуваме, капка по капка...*

**БИТНО!**
Не заборавајте, избори се ближат! Кој сака да го преживее тоа лудило и конструктивно да учествува во нивната деконструкција, или едноставно сака да нè праша нешто, нека ни пише на: organizacija.kapka@gmail.com

**Значи, следен весник, на тема ИЗБОРИ!**

А, за крај, кога сме веќе кај изборите, еве една специјална предизборна песна:

## ИЗБОР СОУЛ

Избори се ближат, избори се ближат
упаљачи ќе се делат,
газој ќе се лижат.
Избори се ближат, избори се ближат
табли ќе се делат
ОБСЕ ќе си мижат.

Дал да ставам кец у двојка
или двојка у кец?
Маму му ебам,
пак ќе ги кружам
по еци пеци пец.

Избори се ближат, избори се ближат
шекер ќе се дели,
газој ќе се лижат.
Избори се ближат, избори се ближат
пенкала се делат,
за мене си се грижат.

Дали да го бирам
Лубчо или Бранко
Гвујо или Тито,
ил некој друг посранко?
Маму му ебам,
у голема сум була
што и да играм,
пак ќе падне нула.

# ФРАЕРЕ, СТРАНСКИ ПЛАТЕНИК ДОАЃА ВО НАШЕТО СЕЛО И НИ СОЛИ ПАМЕТ!?

Странскиот платеник Фраере, на вчерашната седница во локалното Министерство за трач и оговарање, изјави дека на нашето село му е потребен закон за слободен пристап до информации. "Ако сакате во Околиската заедница, ќе морате да бидете потранспарентни, рече тој. На седницата од страна на селската партија беше изразен сомнеж за ваквото тврдење: "Ш'о ќе ми е слободен пристап до информации кога ја имам жена ми? Таа е најдобар информатор! Знае сè, за секого од селото, па и пошироко. Верувам дека така е и со вашите жени, мајки и слични женски битија, па и вие мажите не сте полоши. Затоа, му порачувам на платеникот Фраере да си се врати во неговите северни и ладни краишта и да размисли колку е затворен тој и неговото село, а не тука да ни соли памет нам!" По ваквите исцрпни и уверливи аргументи платеникот Фраере навистина се враќа дома и почнува да се интересира повеќе за животот на неговите соседи (но, тоа е веќе друга приказна). Ете колку ние можеме да и дадеме на Околијата, а таа не е свесна!



„Активистки" на *Селската партија* во акција

Весников беше за прв пат промовиран на изложбата ПАРИ (на групата АУ! во соработка со КАПКА) во Точка, април 2006.

**Графички дизајн и уредување: КАПКА**

**Издава: Темплум**
***Илинденска, 38, 1000 Скопје***
***www.templum.com.mk***
***templum@mt.net.mk***